International Partnerships Austria

GBWN
GENDER BUDGET WATCHDOG NETWORK

Sverige

С. МАКЕДОНИЈА

Анализа на Буџетот на Република С. Македонија за 2026 година со фокус на родово одговорно буџетирање

CRPM
Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, на приходната страна достигнува 374,9 милијарди денари, што претставува зголемување од приближно 3,5% во однос на усвоениот Ребаланс на Буџетот за 2025 година, односно околу 12,6 милијарди денари повеќе. **Најголем дел од приходите — даночните приходи и придонесите за социјално осигурување — се проектира да пораснат за 16,8 милијарди денари**. Од ова, 12 милијарди денари се очекува да произлезат од зголемена наплата на даноци во однос на тековниот буџетски план, додека дополнителни 4,7 милијарди денари се предвидуваат од раст на придонесите за социјално осигурување.

На расходната страна, буџетскиот план за 2026 година предвидува вкупно зголемување на расходите од 10,4 милијарди денари, што претставува раст од околу 2,6% на сите категории на расходи, при што вкупниот планиран износ достигнува 414,2 милијарди денари. Ова зголемување е проследено со паралелен раст на буџетските средства за социјалната компонента на државата, како и за капиталните инвестиции. Тековните расходи за наредната фискална година се планирани на ниво од 374 милијарди денари, што претставува зголемување од 4,9 милијарди денари во однос на претходната година.

Социјалните трансфери во буџетот за 2026 година се утврдени на вкупно 206,3 милијарди денари, што е зголемување од 6,7% во однос на 2025 година, односно 13 милијарди денари повеќе, главно поврзани со исплатата на пензии. Дополнително, расходите за транзициски трошоци се зголемуваат за 3,6 милијарди денари и се очекува да достигнат 19,6 милијарди денари, додека трошоците за здравство се проектира да пораснат за дополнителни 1,3 милијарди денари, достигнувајќи вкупно 53,8 милијарди денари.

Буџетот за 2026 година се претставува како рамка на јавни политики насочена кон обезбедување фискална консолидација, економски раст и социјална стабилност. Сепак, анализиран низ призмата на родово одговорното буџетирање (РОБ), се воочуваат значајни структурни слабости. Овие слабости укажуваат на јаз помеѓу формалните заложби за родова еднаквост и реалните ефекти од политиките.

Родово одговорното буџетирање претставува пристап во јавните финансии кој ја интегрира родовата перспектива во сите фази на буџетскиот циклус — планирање, распределба, спроведување и евалуација. Неговата цел не е само зголемување на трошоците насочени кон жените, туку обезбедување јавните ресурси да придонесуваат за намалување на родовите нееднаквости и поттикнување инклузивен развој. Во таа насока, ефективното РОБ бара јасни родово-раздвоени податоци, мерливи индикатори, транспарентност и соодветен институционален капацитет.

Следејќи ја логиката на буџетската структура, родовата перспектива треба да биде вклучена и на приходната и на расходната страна на буџетот. Во моментов, недостасува воспоставен систем за евалуација на јавните приходи и расходи со јасни индикатори кои би овозможиле проценка дали програмите придонесуваат кон економски развој, подобрување на јавните услуги, социјална инклузија и еднаквост.

Отсуството на ваков систем е директно поврзано со транспарентноста, односно со фискалната транспарентност. Вистинската фискална транспарентност подразбира јасна врска помеѓу потрошените средства и нивното влијание врз јавниот интерес, вклучително и напорите за постигнување родова еднаквост.

Родовите цели, како дел од приоритетите на институциите за 2026 година, се предвидени кај Собранието на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и Министерството за спорт и Министерството за здравство. Сепак, овие цели не се дополнително разработени преку конкретни индикатори, освен кај Министерството за спорт и Министерството за здравство.

Иако **Северна Македонија формално ги има прифатено принципите на родово буџетирање, буџетот за 2026 година покажува дека нивната примена останува ограничена.** Ова е втора година како буџетот се подготвува во нов, програмски формат, но суштинскиот пристап и понатаму се заснова на традиционалниот економски модел, односно на трошочно буџетирање.

Еден од клучните проблеми е **отсуството на мерливи индикатори**. Буџетот за 2026 година и понатаму се фокусира на макроекономски цели, како раст на БДП, инфлација и намалување на буџетскиот дефицит, без да обезбеди родово-раздвоени показатели за успешност. Како резултат на тоа, не е можно да се утврди дали јавната потрошувачка придонесува за намалување на родовите разлики во области како вработување, приходи или пристап до услуги.

Дополнително, **буџетот се карактеризира со недоволна транспарентност и пристапност, што ја поткопува демократската отчетност.** Буџетските документи се и понатаму многу технички и не овозможуваат јасен увид во распределбата на ресурсите меѓу различни општествени групи. Ова го продлабочува јазот во отчетноста, при што граѓаните и засегнатите страни немаат можност да го оценат општественото влијание на фискалните политики.

Дополнително ограничување е претпоставката дека општата социјална потрошувачка автоматски води кон еднаквост. Буџетот за 2026 година предвидува значителни средства за пензии, плати и социјални трансфери, кои се клучни за социјална заштита. Сепак, без таргетирани мерки за адресирање на структурните нееднаквости (како што се обезбедување услуги за грижа за деца, поддршка за учество на жените на пазарот на труд и препознавање на неплатената грижа) ваквите расходи можеби нема да доведат до намалување на родовите јазови. Ова ја илустрира разликата меѓу родово неутрални и родово одговорни политики.

Исто така, **силниот фокус на капиталните инвестиции, особено во инфраструктурата и енергетиката, иако позитивен за економскиот раст, не ја вклучува родовата перспектива**. Јавните инвестиции често се третираат како неутрални, но нивното влијание може да биде различно врз мажите и жените. На пример, транспортната инфраструктура влијае врз мобилноста, додека енергетските политики влијаат врз распределбата на домашните обврски. Отсуството на родова анализа во овие области претставува пропуштена можност за инклузивен и правичен развој.

Овие предизвици дополнително укажуваат на ограничен институционален капацитет. Ефективното родово буџетирање бара обучен кадар, координација меѓу институциите и механизми за следење и евалуација. Буџетот за 2026 година не укажува на значајни подобрувања во овие аспекти, што значи дека административните ограничувања и понатаму ја попречуваат неговата примена.

Во услови на општ тренд на зголемување на буџетските расходи, **Програма 8 за родова еднаквост и недискриминација во 2025 година, во рамки на Министерството за социјална политика, демографија и млади, изнесуваше 1.015.000 денари, додека во 2026 година е намалена за 1,1% и изнесува 1.004.000 денари.**

Имајќи предвид дека спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост првпат беше буџетирано во рамки на оваа програма во 2023 година, намалувањето на средствата укажува на намален обем на активности и нецелосна реализација на планираните мерки.

На крај, **ограничената усогласеност на буџетот со меѓународните стандарди, како што се Целите за одржлив развој, особено индикаторот 5.c.1, отвора прашања за напредокот на државата кон европската интеграција и глобалните обврски.** Овие информации треба да бидат јасно достапни на веб-страницата на Министерството за финансии и во објавите поврзани со буџетот. Сепак, буџетот за 2026 година не содржи јасни, транспарентни и лесно разбирливи податоци за средствата наменети за родова еднаквост.

Овој недостаток е значаен, особено ако се земе предвид дека Министерството за финансии веројатно располага со овие информации, имајќи предвид дека буџетскиот циркулар испратен до буџетските корисници бил родово одговорен. Ова дополнително ја потврдува оценката дека родовото буџетирање останува повеќе формално отколку суштинско.

Како заклучок, **иако буџетот за 2026 година придонесува за макроекономска стабилност и демонстрира заложба за раст и социјална заштита, тој не успева да биде вистински родово одговорен.**

Недостигот од мерливи индикатори, слабата транспарентност, отсуството на таргетирани политики и ограниченият институционален капацитет ја намалуваат неговата ефикасност во унапредувањето на родовата еднаквост. Ова укажува на поширокаta системска слабост во јавните финансии — јазот помеѓу креирањето на политиките и нивната имплементација. Надминувањето на овие слабости е клучно за трансформирање на буџетот во инструмент за инклузивен и одржлив развој.